Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-5003/1
03.06.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Сто шеесет и деветата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 мај 2026 година

**Скопје, мај 2026 година**


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 02.06.2026 22:13 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

**З А П И С Н И К**
**од Сто шеесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 5 мај 2026 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа замениците на претседателот на Владата, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Борко Ристовски, министер за спорт, д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Адмир Шабани, заменик на министерот за одбрана, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација.

На седницата присуствуваа и м-р Марија Митева и Венера Љатифи-Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, Александар Маринчевски, државен правобранител и Александар Климовски, директор на Државна лотарија на Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Арбен Фетаи, заменик на


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 02.06.2026 22:13 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска – Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Муамет Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од Сто шеесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 мај 2026 година

-Усвојување на Записникот од Сто шеесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 април 2026 година

1. Информација за продолжување или запирање на судската постапка за признавање и извршување на судска одлука против Ставри Крумов Ставри од Софија Република Бугарија пред Софискиот градски суд СТР бр.08-27/22

2. Бизнис-план на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2026 година, со предлог-одлуки

3. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.44/9, КО Кисела Вода 2, Имотен лист бр.112627, со намена Д3 – спорт и рекреација).

4. Известување за активностите поврзани со кризната состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на територијата на Република Северна Македонија, за период од 19 април 2026 година до 25 април 2026 година

5. Информација за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми ,,Национални шуми" П.О. – Скопје за 2026 година, со Предлог-одлука

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 02.06.2026 22:13

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

6. Информација во врска со стекнат непаричен влог во Друштво за друмски сообраќај Реиска ДОО Свети Николе, во сопственост на Република Северна Македонија

7. Информација за формирање на работна група за регулирање на имотно-правен статус во врска со 110 kv трафостаници помеѓу Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (МЕПСО) и Акционерското друштво ЕВН Македонија – Скопје

8. Информација за статусот на реализација на Проектот за поврзување на локални патишта и потреба од продолжување на рокот за затворање на Проектот (Договор за заем бр.9034-МК и Договор за заем за дополнително финансирање бр.9210-МК финансиран од Светска банка)

9. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Олд Сити, со Предлог-решение

10. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Гранд М, со Предлог-решение

11. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од мотел Вила Михаела, со Предлог-решение

12. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Моома, со Предлог-решение

13. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Муфрима-Скопје, со Предлог-решение

14. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Хантинг клуб-Скопје, со Предлог-решение

15. Предлог-одлука за формирање на Советодавна комисија за спроведување на Планот за интервенција во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и/или нафтени деривати

16. Информација за потпишување на Конвенцијата за формирање на Меѓународна комисија за побарувања за Украина, со текст на Конвенција

17. Информација за планирање на финансиски средства за учество во потпрограмата МЕДИА на Креативна Европа на Европската Унија


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 02.06.2026 22:13 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

18. Информација за финансиско поддржување на воведување сензорни соби во детските градинки во текот на 2027 година, со цел унапредување на инклузивното предучилишно образование

19. Информација за реализација на Проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик, деца корисници на посебен додаток и деца без родители и родителска грижа, за лето 2026 година

20. Информација за реализација на проект „Санација на маалски мултинаменски игралишта"

21. Иницијатива од Димитар Цеков од Струмица, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.31/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 152 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14. 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15. 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24, 75/25, 154/25 и 269/25)

22. Иницијатива од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.47/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 60 став 2 во делот „кој е невработен и не користи право на пензија, по наполнување на 60 години на живот за жена, односно 62 години на живот за маж" од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25)

23. Иницијатива од Сојузот на здружение на тутунопроизводители на Република Северна Македонија од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.37/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 31 ставови 9, 10 и 11 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 27/20, 94/20, 56/21 и 154/25)

24. Понуда од нотар Никола Камчев од Радовиш, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.82825, за КО Радовиш, на КП бр.1942, викано место/улица „Калаузлиска"

25. Понуда од нотар Фросина Клисароска-Канчевска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2044, за КО Злокуќани, на КП бр.771/1, викано место/улица „Зајчев Рид"

26. Понуда од нотар Верица Панова-Стевкова од Струмица, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 65722, за КО Струмица, на КП бр.6634/66, викано место/улица „Балабаница"

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 02.06.2026 22:13 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

27. Понуда од извршител Гордана Џутеска од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.95087, за КО Охрид 2, на КП бр.11189/1 и КП бр.11203/1, викано место/улица „7 Ноември“

28. Информација за прогресот на отворање на нови детски градинки, со Акциски план и временска рамка за период од 1.1.2026 до 31.3.2026 година

29. Информација за постигнатите резултати од спроведениот Конкурс за стручни и дефицитарни кадри во уметноста и заштитата на културното наследство за 2025 година

30. Извештај за спроведување на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи за 2025 година

31. Информација за статусот на реализација на активностите предвидени со Проектот за модернизација на земјоделството, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, заклучно со декември 2025 година

32. Информација за текот на реализација на Договорот за финансирање меѓу Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Владата на Република Северна Македонија

33. Кадровски прашања

34. Прашања и предлози

35. Информација за потребата од воспоставување и операционализација на Единица за имплементација на проектот за „Изградба на нова железничка делница Крива Паланка – граница со Република Бугарија, како дел од железничкиот Коридор VIII“, со прилози

36. Информација за потребата од прераспределба на дел од средствата од заемот од Европска банка за обнова и развој за финансирање на Проектот обнова на возен парк

37. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (патнички и товарни моторни возила и дигалка кран, за старо железо -вкупно 15) и Предлог-одлука за продажба на движни ствари (патнички моторни возила-вкупно 3)

38. Предлог-одлука за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – гипс на Друштвото за трговија и услуги Дигипс ДОО Дебар на локалитетот „с.Долно Косоврасти“, Општина Дебар

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 02.06.2026 22:13

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

39. Информација за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - минерална вода на локалитетот „с.Мокрино", Општина Ново Село, со Предлог-решение

40. Информација за постапката за истапување на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија од Друштвото за приредување игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје, со цел повлекување на непаричниот влог кој се состои од правото за приредување електронски игри на среќа

41. Предлог-одлука за затворање на амбасадата на Република Северна Македонија во Република Естонија, со седиште во Талин

42. Предлог-одлука за отворање на амбасада на Република Северна Македонија во Република Литванија, со седиште во Вилнус

43. Информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија" (мај 2025 година – април 2026 година)

44. Информација за подготовка на Придонесот на Република Северна Македонија кон Извештајот на Европската комисија за 2026 година

*

*　　　*

Владата без забелешки ги усвои записниците од Сто шеесет и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 април 2026 година и од Сто шеесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 4 мај 2026 година.

*

*　　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за продолжување или запирање на судската постапка за признавање и извршување на судска одлука против Ставри Крумов Ставри од Софија Република Бугарија пред Софискиот градски суд СТР бр.08-27/22 (СТР бр.3/26), ја усвои Информацијата и заклучи да се прекине постапката по Информацијата за продолжување или запирање на судската постапка за признавање и извршување на судска одлука Ставри Крумов Ставри од Софија Република Бугарија пред Софискиот градски суд бр.729/2020 година, поради


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 02.06.2026 22:13 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

настапување на застареност на извршување на правосилна судска одлука Пресуда на Основен суд-Велес К бр. 386/11 од 30.4.2014 година, а правосилна на 20.10.2014 година.

**Точка 2**

Владата го разгледа Бизнис-планот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2026 година, со предлог-одлуки и притоа заклучи:

1. Ја донесе Одлуката за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Бизнис-планот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија – Скопје за 2026 година.

2. Ја донесе Одлуката за давање согласност на Бизнис - планот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје за 2026 година.

**Точка 3**

Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 мај 2026 година, ја донесе Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (КП бр.44/9, КО Кисела Вода 2, Имотен лист бр.112627, со намена Д3 – спорт и рекреација).

**Точка 4**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на територијата на Република Северна Македонија, за период од 19 април 2026 година до 25 април 2026 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми ,,Национални шуми" П.О. – Скопје за 2026 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" П.О. – Скопје за 2026 година.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со стекнат непаричен влог во Друштво за друмски сообраќај Реиска ДОО Свети Николе, во сопственост на Република Северна Македонија и


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 02.06.2026 22:13 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

условно ја усвои Информацијата со заклучоците, доколку Министерството за финансии достави ново мислење.

*          *          *

Материјалот е повторно разгледан на Сто седумдесет и четвртата седница на Владата, одржана на 19.5.2026 година, како точка 1.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на работна група за регулирање на имотно-правен статус во врска со 110 kv трафостаници помеѓу Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (МЕПСО) и Акционерското друштво ЕВН Македонија – Скопје и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1.Се задолжуваат Министерството за транспорт, Министерството за финансии - Управа за имотно -правни работи и Државното правобранителство на Република Северна Македонија, а се укажува на Агенцијата за катастар на недвижности, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (МЕПСО) и Акционерското друштво ЕВН Македонија - Скопје во рок од три дена до Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини да доставаат номинации за по еден член и заменик-член во работната група за регулирање на имотно - правен статус на 110 kV трафостаници помеѓу Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (МЕПСО) и Акционерското друштво ЕВН Македонија - Скопје.

2.Се задолжува Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, во рок од пет дена до Владата да достави предлог-решение за формирање на работна група за регулирање на имотно – правен статус на 110 кV трафостаници помеѓу Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје (МЕПСО) и Акционерското друштво ЕВН Македонија - Скопје.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на Проектот за поврзување на локални патишта и потреба од продолжување на рокот за затворање на Проектот (Договор за заем бр.9034-МК и Договор за заем за дополнително финансирање бр.9210-МК финансиран од Светска банка), ја усвои и го задолжи Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт, во рок од пет дена, да достави барање до Светска банка за продолжување на рокот за затворање на Проектот за поврзување на локални патишта (Договор за заем бр.9034-МК и Договор за заем за дополнително финансирање бр.9210-МК) за шест месеци, односно до 31.3.2027 година.


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 02.06.2026 22:13 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Олд Сити, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Гранд М, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди супериор).

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од мотел Вила Михаела, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди).

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Моома, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Муфрима Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди).

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување, поднесено од хотел Хантинг клуб-Скопје, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди супериор).

**Точка 15**


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 02.06.2026 22:13 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Владата ја донесе Одлуката за формирање на Советодавна комисија за спроведување на Планот за интервенција во случај на вонредно пореметување на снабдувањето на пазарот со сурова нафта и/или нафтени деривати.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Конвенцијата за формирање на Меѓународна комисија за побарувања за Украина, со текст на Конвенција и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Конвенцијата за формирање на Меѓународна комисија за побарувања за Украина.

2. Се овластува м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, во име на Владата на Република Северна Македонија, да ја потпише Конвенцијата за формирање на Меѓународна комисија за побарувања за Украина.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за планирање на финансиски средства за учество во потпрограмата МЕДИА на Креативна Европа на Европската Унија, ја усвои Информацијата и се укажува на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија да го планира финансиското учество во потпрограмата МЕДИА на Европската Унија на годишно ниво и да ја реализира уплатата на влезните билети во координација со Министерството за култура и туризам, а согласно предвидената динамика на Европската комисија.

Истовремено, се задолжува Министерството за култура и туризам, на квартално ниво да ја информира Владата за степенот на реализација на потпрограмата МЕДИА на Креативна Европа на Европската Унија.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за финансиско поддржување на воведување сензорни соби во детските градинки во текот на 2027 година, со цел унапредување на инклузивното предучилишно образование, ја усвои и го задолжи Министерството за социјална политика, демографија и млади во рок од 30 дена, да подготви и до Владата да достави финансиска анализа за потребни средства за воведување на сензорни соби, согласно бројот и состојбата на децата со попреченост вклучени во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, потребен дидактички материјал за во сензорните соби и останати потреби.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на Проектот за користење услуга за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик, деца корисници на посебен додаток и деца без родители и родителска грижа, за лето 2026 година и ја усвои со следните заклучоци:

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 02.06.2026 22:13 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

1.Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади, во рок од пет дена да донесе програма за седумдневен одмор на деца од семејства во социјален ризик, деца корисници на посебен додаток и деца без родители и родителска грижа, за сезона лето 2026 година и процедура за реализација на Проектот за користење на услугата за одмор и рекреација на деца од семејства во социјален ризик, деца корисници на посебен додаток и деца без родители и родителска грижа, за време на летниот распуст, во учебната 2025/2026 година.

2.Се задолжува министерот за социјална политика, демографија и млади, во рок од седум дена да формира комисија за разгледување и рангирање на корисници на услуга за одмор и рекреација на деца од семејства со социјален ризик, деца корисници на посебен додаток и деца без родители и родителска грижа, со претставници од Министерството за социјална политика, демографија и млади.

3.Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади да објави повик на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија-Скопје во сите редакции, на веб – страницата на Министерството за социјална политика, демографија и млади и во центрите за социјална работа, во мај 2026 година.

4.Се задолжува Министерството за социјална политика, демографија и млади, во рок од пет дена по објавување на јавниот повик, да им укаже на центрите за социјална работа, да ги преземаат потребните активности заради ефикасна реализација на овој проект.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот „Санација на маалски мулти-наменски игралишта“ и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните 2026 и 2027 година на Министерството за спорт, за реализација на проектот „Санација на маалски мултинаменски игралишта“, во вкупна вредност од 30.000.000,00 денари, со вклучен ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 14.000.000,00 денари во 2026 година и
- 16.000.000,00 денари во 2027 година.

2. Се задолжува Министерството за спорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија, за соодветната фискална година.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Иницијативата од Димитар Цеков од Струмица, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.31/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 152 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр.98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14. 97/14, 113/14,

**Институција** Влада на Република Северна Македонија
**Датум/Време** 02.06.2026 22:13
**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15. 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24, 75/25, 154/25 и 269/25) и притоа го утврди следното мислење:

Според доставената Иницијатива за уставност за членот 152 став (2) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24, 75/25, 154/25 и 269/25), оспорената одредба гласи: „Најнискиот износ на пензија и минималната старосна и семејна пензија не може да биде предмет на извршување и обезбедување, освен за побарување по основа на издржување утврдено со судска одлука и дадена согласност од корисникот на пензија и тоа најмногу до една третина од нејзиниот месечен износ“.

Според подносителот на Иницијативата, оваа одредба е спротивна со член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија и со членовите 116 и 117 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/20 и 154/23). Согласно Законот за извршување, прашањата поврзани со изземање и ограничување од извршување се такстативно и системски утврдени во овој закон како процесен закон што ја регулира материјата на извршување. Со оспорената одредба, се уредуваат прашања на изземање од извршување во друг закон со што се навлегува во материја која веќе е целосно уредена со посебен закон.

Согласно Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија е носител на законодавната власт и во рамките на својата надлежност има право да уредува прашања од областа на пензиското и инвалидското осигурување.

Ова произлегува од уставниот принцип на поделба на власта и автономија на законодавецот во креирање на јавните политики, особено во сферата на социјална сигурност.

Оспорената одредба од членот 152 став (2) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, не преставува навлегување во процесната материја на Законот за извршување, туку уредува специфичен аспект поврзан со пензијата. Пензиското примање не е обично побарување, туку право кое има социјална функција и служи за обезбедување на минимум средства за живот на корисникот.

Законодавниот орган има дискреционо право во рамките на Уставот на Република Северна Македонија да пропишува посебна заштита за одредена категорија примања кога тоа е оправдано од аспект на јавен интерес. Пропишувањата на ограничувањата или посебен режим на извршување во однос на најниската пензија претставува легитимна мерка насочена кон заштита на одредена категорија на граѓани.

Законот за извршување ги уредува општите правила на постапката за присилно остварување на побарувањата. Меѓутоа, фактот дека станува збор за системски закон не значи дека законодавецот е спречен во други закони да предвидува посебни одредби кои не се однесуваат на конкретна категорија на права или примања.

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 02.06.2026 22:13

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Во правниот систем важи начелото lex specialis derogate legi generali-посебниот закон има предност во однос на општиот. Законот за пензиското и инвалидското осигурување, преставува посебен закон каде пензијата служи за обезбедување на егзистенцијата и оправдано е да се предвиди посебен режим за заштита. Во конкретниот случај не станува збор за колизија меѓу законите, туку за нормативно дополнување кое има за цел засилена заштита на пензионерите.

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување, пензијата е приход од кој зависи основната егзистенција на корисникот, особено кога станува збор за најнизок износ на пензија и минимална старосна и семејна пензија. Членот 152 став (2) има за цел да го заштити достоинството на пензионерите, да спречи социјална загрозеност и да обезбеди минимални средства за достоинствен живот. Сето ова е во согласност со уставниот принцип на социјална држава и со обврска државата да обезбеди социјална сигурност.

Во член 1 и член 8 од Уставот на Република Северна Македонија, Република Северна Македонија е социјална држава, социјалната правда и хуманизмот се темелни вредности. Извршување врз најниска пензија би било спротивно на принципот на социјална држава, бидејќи би го загрозило основниот животен минимум. Согласно член 34 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување и пензијата претставува основно средство за егзистенција на старите лица. Доколку се дозволи извршување врз минималната пензија без ограничување, се доведува во прашање уставно загарантираната социјална сигурност на корисниците на минимална пензија.

Во оспорениот член, нема повреда на владеење на правото и правната сигурност, туку е јасна, прецизна и недвосмислена. Тука точно е определено кои пензии се заштитени, кога е дозволено извршувањето и до кој износ може да се изврши. Оттука, не се создава правна несигурност, ниту конфузија. Напротив, се обезбедува јасност за статусот на најниската пензија. Во конкретниот случај, законодавниот орган пропишал ограничување кое е пропорционално и легитимно, имајќи ја предвид социјалната функција на пензијата и потребата од заштита на најранливата категорија граѓани.

Согласно горенаведеното, се смета дека оспорениот член 152 став (2) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, бидејќи законодавецот постапил во рамките на своите уставни овластувања, не постои спротивност со Законот за извршување, одредбата има легитимна социјална цел и не се повредува начелото на владеење на правото.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорената одредба член 152 став (2) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24, 75/25, 154/25 и 269/25), е во согласност со одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 152 став 2 од наведениот Закон.

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 02.06.2026 22:13

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

## Точка 22

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.47/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 60 став 2 во делот „кој е невработен и не користи право на пензија, по наполнување на 60 години на живот за жена, односно 62 години на живот за маж" од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25) и притоа го утврди следново мислење

Со член 34 од Уставот на Република Северна Македонија е утврдено дека граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со Колективен договор.

Со член 35 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија е утврдено дека Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно начелото на социјална праведност.

Овие уставни определби претставуваат основа за уредување на системот и организацијата на социјалната заштита, правата од социјалната заштита, финансирањето и постапката за остварување на правата од социјалната заштита, кои се уредени со Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25).

Правото на траен надоместок претставува мерка на социјална заштита со која се обезбедува материјална поддршка за родител кој има дете со попреченост и кој во подолг временски период се грижел за детето и поради таа грижа не бил во можност активно да учествува на пазарот на труд.

Согласно Законот, правото на траен надоместок го остварува родител кој се грижел за детето до неговата 26-годишна возраст, без истото да користи услуга на вонсемејна социјална заштита, кој е невработен и не користи право на пензија, по наполнување на 60 години на живот за жена, односно 62 години на живот за маж.

Правото не може да се оствари доколку на родителот му било одземено родителското право над детето.

Висината на трајниот надоместок се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Со пропишувањето на условите за стекнување на ова право, законодавецот ја уредил оваа материја, имајќи ја предвид потребата од обезбедување на социјална сигурност на родителите кои во подолг временски период се грижеле за дете со попреченост, како и потребата од правично распределување на средствата од системот на социјалната заштита.

Согласно член 26 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 02.06.2026 22:13 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

192/25), се овозможува граѓаните да имаат право на социјална заштита согласно со закон и начелото на социјална праведност, при што се обезбедува владеење на правото и еднаков пристап до правата од социјалната заштита.

Законот за социјалната заштита се заснова на темелните вредности утврдени во член 8 став 1 алинеја 9 од Уставот на Република Северна Македонија, а тоа се хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Имено, правата од социјалната заштита се димензионирани со цел обезбедување на потребна помош и заштита за граѓаните кои се наоѓаат во положба на социјална потреба, за задоволување на нивните основни животни потреби и намалување или надминување на социјалните ризици во кои тие се наоѓаат.

Дополнително, законодавецот има уставно овластување да ги уредува условите, критериумите и постапката за остварување на правата од социјалната заштита, водејќи сметка за јавниот интерес, финансиската одржливост на системот и заштитата на најранливите категории на граѓани.

Во таа насока, Уставниот суд на Република Северна Македонија во својата досегашна практика повеќепати укажал дека законодавецот има право да ги утврдува условите и критериумите за остварување на одделни права од системот на социјалната заштита, при што тоа уредување само по себе не претставува повреда на уставно загарантираните права, доколку се применува еднакво за сите лица кои се наоѓаат во иста правна положба.

Дополнително, со оспорената законска одредба не се прави неоснована разлика меѓу граѓаните, туку се утврдуваат објективни и однапред пропишани услови за остварување на конкретно право од системот на социјалната заштита, кои важат подеднакво за сите лица што се наоѓаат во иста правна и фактичка положба.

Оттука, пропишувањето на возраста како еден од условите за остварување на правото на траен надоместок претставува законско уредување на начинот на користење на ова право и е во функција на обезбедување стабилен и одржлив систем на социјална заштита.

Врз основа на претходно наведените правни аргументи, со член 60 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), не се нарушуваат одредбите од Уставот на Република Северна Македонија, туку со законски уредената материја се обезбедува владеење на правото и правната сигурност, како и почитување на начелата на хуманизам, социјална правда и солидарност во остварувањето на правото на социјална заштита.

Оттука, оспорената законска одредба претставува дел од системот на мерки за социјална заштита утврдени со закон и е во согласност со уставните определби за обезбедување на социјална сигурност на граѓаните.

Имајќи го предвид горе наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорената одредба од член 60 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21,

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 02.06.2026 22:13 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

99/22, 236/22, 65/23 и 192/25) е во согласност со одредбите на Уставот на Република Северна Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 60 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25).

**Точка 23**

Владата ја разгледа Иницијативата од Сојузот на здружение на тутунопроизводители на Република Северна Македонија од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.37/2026 за поведување постапка за оценување на уставноста на член 31 ставови 9, 10 и 11 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 98/19, 27/20, 94/20, 56/21 и 154/25) и притоа го утврди следното мислење

Поведената Иницијатива е неоснована и беспредметна, со оглед на фактот дека во однос на наводите на иницијаторот за околноста повреда на слободата на здружување, иако уставно гарантирана, не е апсолутна и може да биде предмет на законско уредување во делот на начинот на нејзиното остварување.

Во конкретниот случај, оспорената одредба не го ограничува правото на основање здруженија, не го ограничува правото на зачленување. Законската одредба пропишува услови за стекнување на посебен правен статус - највисока асоцијација на тутунопроизводители, што претставува легитимна законска регулација.

Во однос на наводите на иницијаторот на оваа иницијатива, за ограничувањето еден тутунопроизводител да членува во едно здружение, се укажува дека ова правило има технички и евиденциски карактер, истата е насочена кон спречување на двојно прикажување на членството, обезбедува реална и проверлива репрезентативност, а со тоа не се задира во суштината на правото од член 20 од Уставот на Република Северна Македонија.

Во однос на наводната повреда на темелните вредности - Повреда на начелото на владеење на правото и правна сигурност од член 8 од Уставот на Република Северна Македонија, наводите се неаргументирани.

Имено, оспорената одредба е во функција на зајакнување на владеењето на правото, преку јасни и прецизни норми, обезбедување на правна сигурност, преку предвидливост и еднаква примена, како и унапредување на институционалната функционалност.

Оттука, не може да стане збор за повреда на темелните вредности, туку напротив - за нивна афирмација.

Во однос на наводите на иницијаторот на оваа иницијатива за привилегираност, се оценува дека Иницијативата погрешно ја квалификува правната природа на оспорената одредба.

Имено, член 31, ставови 9, 10 и 11 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 27/20, 94/20, 56/21 и 154/25),

**Институција** Влада на Република Северна Македонија
**Датум/Време** 02.06.2026 22:13
**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

не утврдува привилегија, туку воспоставува објективни и квантитативно мерливи критериуми за репрезентативност.

Условот за опфат на најмалку 30% од евидентираните тутунопроизводители претставува легитимен праг кој обезбедува реално претставување од причина што овие услови се однапред утврдени, еднакво применливи за сите субјекти, достижни под исти услови.

Во однос на наводите на иницијаторот на оваа иницијатива за пропорционалност и разумност на мерката, оспореното законско решение ги задоволува критериумите на пропорционалност, бидејќи е соодветно за постигнување на легитимната цел, неопходно е, имајќи предвид дека без вакво уредување би постоела можност за злоупотреби, а разумно е, бидејќи не создава прекумерни ограничувања.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија смета дека оспорениот дел од одредбата е во функција на обезбедување законито и одговорно работење на институцијата и не е во спротивност со Уставот, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не поведе постапка за оценување на уставноста на член 31 ставови 9, 10 и 11 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 27/20, 94/20, 56/21 и 154/25), односно Иницијативата да ја отфрли како неоснована.

**<u>Точка 24</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Никола Камчев од Радовиш, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.82825, за КО Радовиш, на КП бр.1942, викано место/улица „Калаузлиска“ и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

**<u>Точка 25</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фросина Клисароска-Канчевска од Скопје, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.2044, за КО Злокуќани, на КП бр.771/1, викано место/улица „Зајчев Рид“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**<u>Точка 26</u>**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Верица Панова-Стевкова од Струмица, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 65722, за КО Струмица, на КП бр.6634/66, викано место/улица „Балабаница“ и по Понудата го усвои Мислењето од Министерството за транспорт, со прилог – Известување од ЕВН Македонија АД Скопје.

**<u>Точка 27</u>**

Владата ја разгледа Понудата од извршител Гордана Џутеска од Охрид, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.95087, за КО Охрид 2, на КП бр.11189/1 и КП

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 02.06.2026 22:13 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

бр.11203/1, викано место/улица „7Ноември“ и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на отворање на нови детски градинки, со Акциски план и временска рамка за период од 1.1.2026 до 31.3.2026 година, како материјал за информирање.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за постигнатите резултати од спроведениот Конкурс за стручни и дефицитарни кадри во уметноста и заштитата на културното наследство за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 30**

Владата го разгледа Извештајот за спроведување на Програмата за заштита на ранливи потрошувачи за 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на активностите предвидени со Проектот за модернизација на земјоделството, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, заклучно со декември 2025 година, како материјал за информирање.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за текот на реализација на Договорот за финансирање меѓу Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Владата на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 33**

1.Владата го именува Фарук Јашари за вршител на должноста заменик на директорот на Државниот завод за статистика и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

2.Владата ја разреши Теодора Спасеновска од должноста член на Училишниот одбор – претставник на основачот на Основно училиште со ресурсен центар „Кочо Рацин“ – Битола, на нејзино барање.

3.Владата ја разреши Габриела Кулебанова од Стопанската комора на Северна Македонија, од должноста член на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија.

4.Владата го разреши проф. д-р Изет Зеќири од Факултетот за бизнис и економија од Тетово, од должноста член на Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија.

5.Владата, за претставници во Советот на ЈНУ Хидробиолошки завод – Охрид, ги определи:
- проф. д-р Драгослав Коцевски, Факултет за земјоделски науки и храна на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и
- доц. д-р Маја Ангеловска, биолог, молекуларен биолог од Ветеринарниот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола.

6. Владата ја разреши Сузана Ставриќ, овластен ревизор предложен од Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, од должноста член на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, поради постоење на судир на интереси.

## Точка 34

**1**. Владата го разгледа Барањето на Врховниот суд на Република Северна Македонија, во врска со одржување на XVI Годишна конференција на претседатели на врховни судови од Централна и Источна Европа, која ќе се одржи на 22 и 23 јуни 2026 година во хотел „Мериот“ во Скопје, Република Северна Македонија, го прифати и притоа заклучи:

1) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди знамиња со држачи (мали и големи), за земјите кои ќе имаат свои претставници на Конференцијата.

2) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди две репрезентативни комбиња за превоз на делегациите до ресторанот каде ќе се организира свечена вечера, како и за организиран социјален настан во Скопје или околината (за приближно 35 лица).

**2**. Владата по повод Денот на Европа, 9 Мај, кој ќе се одбележи пред споменикот „Ослободители на Скопје“, на платото пред Владата на Република Северна Македонија со почеток во 10:30 часот, ги донесе следните заклучоци:

1) Делегацијата по повод одбележувањето на 9-ти мај – Ден на Европа, кој ќе се одбележи пред споменикот „Ослободители на Скопје“, на платото пред Владата на Република Северна Македонија, ќе ја предводи и ќе се обрати проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

2) За членови на делегација на Владата на Република Северна Македонија за положување на цвеќе ги определи:
- проф. д-р Христијан Мицкоски – претседател на Владата на Република Северна Македонија,
- д-р Беким Сали - прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања и
- д- р Тимчо Муцунски – министер за надворешни работи и надворешна трговија


**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 02.06.2026 22:13

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

3) Се задолжува Министерство за здравство, преку единиците на Итната помош да обезбеди присуство на едно амбулантно возило и медицински лица во дворот на Владата на Република Северна Македонија.

4) Се укажува на службата за протокол на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да подготват сценарио за одбележување и прослава на 9 Мај-Ден на Европа.

5) Се укажува на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија, на 9 мај 2026 година да врши директен пренос од одбележувањето на 9 Мај-Ден на Европа, според саатници и сценарио, кое ќе им биде доставено од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

6) Се задолжува Министерство за одбрана – Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, да обезбеди присуство на доволен број гардисти како и опрема за свечено положување на цвеќе, фанфаристи, соодветно на барањето кое ќе го добијат од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

7) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да набави материјали и техничка опрема за одбележување на 9 Мај - Ден на Европа, за што ќе добијат технички спецификации од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

8) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, да обезбеди вода за пиење за учесниците и за гостите на настанот како и столици, согласно доставените спецификации од кабинетите.

9) Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата Република Северна Македонија, да обезбеди венци, метални потпирачи за венци, метални потпирачи со јаже, цветен аранжман, црвена патека, држачи за знамиња и знамиња за потребите на настанот, согласно доставените точни спецификации од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

10) Се препорачува на Град Скопје да обезбеди присуство на возило за противпожарна заштита во дворот на Владата на Република Северна Македонија.

11) Се задолжува Министерство за внатрешни работи да ги преземе сите мерки и активности потребни за мирно и безбедно одбележување и прослава на 9 Мај – Ден на Европа, кој ќе се одржи во дворот на Владата на Република Северна Македонија.

12) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да испрати покана според протоколарната пресеанс листа во електронска и во печатена форма до гостите и врз основа на потврдените покани да подготви скица и распоред за седење за одбележување на настанот.

13) Се задолжува Министерство за одбрана – Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија, да обезбеди присуство на Воениот оркестар, на 9 Мај - Ден на Европа, кој


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 02.06.2026 22:13 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

ќе се одбележи пред споменикот „Ослободители на Скопје“, на платото пред Владата на Република Северна Македонија, кој ќе ја изведе државната химна и химната на Европа.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од воспоставување и операционализација на Единица за имплементација на проектот „Изградба на нова железничка делница Крива Паланка – граница со Република Бугарија, како дел од железничкиот Коридор VIII“, со прилози и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, во координација со Министерството за транспорт, да воспостави и стави во функција Единица за имплементација на проектот „Изградба на нова железничка делница Крива Паланка – граница со Република Бугарија, како дел од железничкиот Коридор VIII“.

2. Се укажува на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура „Железници на Република Северна Македонија“-Скопје, по воспоставувањето и ставањето во функција на Единицата за имплементација на проектот, да ги преземе сите потребни активности за спроведување на постапката за набавка за избор на надзорен инженер, како и за започнување и спроведување на постапката за набавка за избор на изведувач на градежни работи за проектот „Изградба на нова железничка делница Крива Паланка – граница со Република Бугарија, како дел од железничкиот Коридор VIII“.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од прераспределба на дел од средствата од заемот од Европска банка за обнова и развој за финансирање на Проектот обнова на возен парк, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД-Скопје, да достави писмено барање до Европската банка за обнова и развој за прераспределба на дел од средствата од заемот за финансирање на проектот ,,Обнова на возен парк” во износ до 200.000 евра, за категорија: консултантски услуги за техничка помош за имплементација на проектот.

**Точка 37**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за продажба на движни ствари (патнички и товарни моторни возила и дигалка кран, за старо железо – вкупно 15), усогласена со Секретаријатот за законодавство.

2. Одлуката за продажба на движни ствари (патнички моторни возила – вкупно три), усогласена со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 38**

**Институција** Влада на Република Северна Македонија

**Датум/Време** 02.06.2026 22:13

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Владата ја донесе Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – гипс на Друштвото за трговија и услуги Дигипс ДОО Дебар на локалитетот „с.Долно Косоврасти“, Општина Дебар.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - минерална вода на локалитетот „с.Мокрино“, Општина Ново Село, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - минерална вода на локалитетот „с.Мокрино“, Општина Ново Село.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за постапката за иступување на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија од Друштвото за приредување игри на среќа Државна видеолотарија на Република Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје, со цел повлекување на непаричниот влог кој се состои од правото за приредување електронски игри на среќа и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија, преку своите надлежни органи, да ги преземе сите потребни правни, статусни и договорни дејствија за спроведување на постапката за иступување, да изврши усогласување на договорната и корпоративната документација, да ги донесе потребните одлуки и други правни акти и да ја подготви и поднесе потребната документација до Централниот регистар на Република Северна Македонија.

2. Се укажува на Акционерското друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија да достави до Владата посебна информација за правните постапки поврзани со избор на деловен соработник за контрола и организација на продажната мрежа за уплата на влогови преку видеолотариски терминали, по пат на објава на јавен повик.

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за затворање на амбасадата на Република Северна Македонија во Република Естонија, со седиште во Талин, со заклучок текстот на истата редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за отворање на амбасада на Република Северна Македонија во Република Литванија, со седиште во Вилнус.

**Точка 43**


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 02.06.2026 22:13 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија” (мај 2025 година – април 2026 година) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии во соработка со Министерството за правда - Управа за извршување на санкции да подготват и доставaт допис до Банката за развој при Совет на Европа со кој ќе се побара продолжување на крајниот рок на Рамковниот договор за заем, по проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија“ за период од четири години, односно до 30.6.2030 година.

2. Се задолжува Министерството за правда - Управа за извршување на санкциите, во октомври 2026 година до Владата да достави информација за напредокот на проектот „Реконструкција на казнено-поправните установи во Република Северна Македонија”.

**<u>Точка 44</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за подготовка на Придонесот на Република Северна Македонија кон Извештајот на Европската комисија за 2026 година и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се укажува на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за областа Реформа на јавната администрација, да достави целосен материјал за придонесот до Министерството за европски прашања, најдоцна до 6 мај 2026 година, на македонски и на англиски јазик.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања, да го достави Придонесот на англиски јазик до Европската комисија најдоцна до 8 мај 2026 година.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:10 часот.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2026.06.03 10:47:15 +02:00

Подготвил: Бљерта Камбери-Таипи, 15.05.2026
Проверил: Никола Пасков, 20.05.2026
Контролирал: Стојанчо Радичевски, 01.06.2026
Согласен: Зоран Брњарчевски, 02.06.2026

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.06.03 08:47:51 +02:00

**Институција** Влада на Република Северна Македонија
**Датум/Време** 02.06.2026 22:13

**Верификација** Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
**https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0cf9f18a-8071-4cdf-928d-f90a0fb1c53a&materialId=c5a6789d-63ba-4038-b604-dfd4042e6bd7**

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*